Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 05.12.2017 година ја донесе следната :

**Програма**
**за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2018 година**

Програмата која се однесува на комуналната сфера се донесува со цел да се постигнат одредени ефекти во одржувањето на улиците, патиштата, локалните депонии, атмосферската канализација, гробиштата, зелените површини, водоводната мрежа, урбаната опрема, парковите со цел подобрување и унапредување на животната средина во општина Василево.

**член 1**

**Реализација на програмата ќе зависи од приходите предвидени во буџетот од:**

- ✓ Надоместокот за заедничка потрошувачка каде се предвидени средства од: 715.440 денари,
- ✓ Буџет на општина Василево средства во висина од: 2.100.000 денари

**Вкупно: 2.815.440 денари**

**член 2**

**Ј-Трошоци се однесуваат во надлежноста на комуналните дејности за одржување на улици, патишта, депонии, канали, паркови, гробишта и други јавни површини во општината**

**Ј20. Одведување и прочистување на отпадни води во Василево**

1. Чистење на канали во Ангелци, Градошорци, Седларци 100.000 денари,
2. Чистење на канали во Чанаклија,Нова Маала и Доброшинци 100.000 денари,
3. Чистење на канали во Радичево, Дукатино и Сушево 100.000 денари,
4. Чистење на канали во Василево и Пиперево 100.000 денари
5. Чистење на канали во Владевци 100.000 денари

**Вкупно:500.000 денари**

**Ј40 . Јавна чистота**

1. Чистење и одржување на диви депонии во сите населени места од: 400.000 денари,
2. Чистење и одржување на гробиштата во населените места средства од: 600.000 денари,
3. Чистење, транспорт и метење на улици од цврст отпад средства од: 300.000 денари,

**Вкупно:1.300.000 денари**

**Ј70. Одржување и користење на паркови и зеленило**

1. Одржување на паркови во Василево,Пиперево,Ангелци и Градошорци 215.440 денари,
2. Одржување на зелени површини во другите населени места од: 100.000 денари

**Вкупно: 315.440 денари**

**Ј80. Други комунални услуги**

1. Посипување и порамнување на локални земјени патишта и улици во сите населени места во општина Василево:

од вкупно : **700.000 денари**

**член 3**

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.08-1936/1 Совет на општина Василево
07.12.2017г. Претседател,
Василево Крсте Панев с.р